# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР ВО НАУЧНО ЗВАЊЕ НАУЧЕН СОВЕТНИК ВО ИНСТИТУТОТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА- СКОПЈЕ

На својата седница од 1.2.2006. г., Советот на Институтот за социолошки и политичко- правни истражувања избра Комисија за избор во научно звање на кандидатката д-р Мирјана Најчевска, научен советник при Институтот, по завршената постапка од конкурсот објавен во дневниот весник "Дневник" на 28.12.2005. г. Комисијата во состав: проф. д-р Панде Лазаревски, проф. д-р Виолета Чачева и проф. д-р Лидија Христова, по прегледувањето на документацијата, му го поднесува на Советот следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**Биографски податоци**

Пријавената кондидатка Мирјана Најчевска е родена во Скопје на 24.11. 1956г. Со основно и средно образование се стекнала во Скопје, каде што се запишала и на Правниот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во академската 1974/75г. на кој дипломирала во 1979 г.
Во 1981 година, се запишала на постдипломски студии- политиколошка насока при Институтот. Со академски степен- магистер на политиколошки науки се стекнала во 1986 г. Во 1994 г. се стекнала со звањето доктор на правни науки со одбрана на докторската дисертација "Редимензионирање на поимот на правната држава" во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје (1995г.).

Од 17.3. 1980г. е вработена во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје, како асистент- приправник. Во 1998 година година е избрана во звањето виш научен соработник, а во 2001 година во научното звање научен советник. Од 1998 г. го предава предметот правна држава и човекови права на постдипломските студии во Институтот за социолошки и политичко- правни истражувања. Од 2004 година ангажирана е како професор по предметот полиција и човекови права на Полициската академија во Скопје.

Соосновач е на Центарот за етнички односи како автономна организациона единица на Институтот (со кој раководела во 1995 година) од 1992 г. Во 1998 година го основала Центарот за човекови права, а во периодот 2000 - 2001 година раководи и со Центарот за бегалци и присилни миграции.

Области на професионален (научноистражувачки) интерес на д-р Мирјана Најчевска се: правната држава (структура, дејствување, организација), човековите права и имплементацијата на концептот за човековите права во

националната легислатива, граѓанско општество и невладини организации, образование и образовни аспекти на човековите права.

**Учество во научни проекти (2000- 2005 година)**

Во изминатиот период кандидатката, како раководител на Центарот за човекови права и разрешување конфликти, била вклучена во повеќе проекти финансирани, како од Министерството за наука, така и од страна на други нарачатели. Во реализацијата на овие проекти била ангажирана во својство на раководител на проект или консултант- експерт и извршувала различни работни задачи- изработка на проектни скици и инструменти, координирање со теренската реализација на проектите, анализа на податоци, пишување на истражувачки студии и научни трудови и др.
Меѓу позначајните проекти во чија реализација била вклучена се следниве:

***Раководител на проекти***

1. Школа на толеранција, СИДА, (2003-2007)
2. Едукација за мир, градење социјална кохезија помеѓу етничките групи, УНИЦЕФ (2005)
3. Образование за човекови права на факултетско ниво, ОНВКЧП, Програма за соработка во Република Македонија - развивање на стратегија (2002-2006)
4. Образование за човекови права на ниво на основно и средно образование, ОНВКЧП, Програма за соработка во Република Македонија - развивање на стратегија (2002-2006)
5. Промоција на слободата на уверувањето и религијата во Република Македонија, ИКВ, Пакс кристи - преговарање, анализа на легислатива и развој на нови законски решенија (2002-2005)
6. Развој на заедниците низ подобрување на меѓуетничките односи - помирување и образование во регионите на конфликтот од 2001, Агенција за реконструкција и развој (2003-2004)
7. Школа за човекови права, едукација за ученици од средните училишта (2002-2003)
8. Граници на слободата на изборот -положбата на хомосексуалните и лезбиските заедници во Република Македонија, (2002)
9. Анализа на гледаноста на мултикултурната емисија за деца "Наше маало" со предлог за содржинско дообликување од аспект на почитувањето на човековите права и слободи (Потрага по заедничка основа 1999-2002)
10. Образование за правата на детето и за човекови права - припрема на програма и прирачници, УНИЦЕФ - Вавилон центри во Република Македонија (2001-2002)
11. Анализа на медиумите и известувањето за вооружениот конфликт во Република Македонија, ИВПР (2001)

12. Евалуација на проектот "Болници-пријатели на бебињата", УНИЦЕФ (2001)
13. Анализа на законите и практиката од аспект на еднаквоста на половите, Дански центар за човекови права (2001)
14. Имплементација на конвенцијата за правата на детето во образованието - развој на програми и едукативен материјал (1999-2005)

*Учесник во проекти*

1. Разбирање на современата историја, Европска унија (2005)
2. Соочување со конфликтното минато:зошто и како да се стори тоа, Европска Унија (2005)
3. Исти, слични, различни, УНИЦЕФ (2005)
4. Извори на несигурност во Република Македонија (УНДП 2001-2002)
5. Култура на човековите права, Белградски центар за човекови права (2001-2002)
6. Разбирање на историјата, Институт за мир (2001-2002)

**Научни и стручни трудови**

- Биљана Ванковска едитор, (2005), Соочување со конфликтното минато:зошто и како да се стори тоа, Евро Балкан Пресс, Скопје
- Петроска-Бешка, В., Најчевска М. (2005), Вооружениот конфликт на територијата на Република Македонија во 2001 година, завршен материјал од проект,
- Најчевска, М. (2005). Образование за човекови права за седмо одделение во основните училишта, прирачник за наставници. УНИЦЕФ
- Petroska-Beška, V., Najčevska M. (2004). Macedonia-understanding history, preventing future conflict . Special Report 115. United States Institute of Peace (in English)
- Најчевска М. (2004). Моментална состојба во областа на човековите права, полицијата и правдата, Завршен текст од проект на ECMI
- Најчевска, М. (2003). CEDAW monitoring report, WOMEN'S HUMAN RIGHTS IN REPUBLIC OF MACEDONIA 2000/2001, Скопје
- Culture of Human Rights (2002). Human Rights Centers Network, (in English)
- Најчевска, М. (2001-2005). Имам право *(I, II, III)*. Прирачници за обука во основното образование, ИСППИ и УНИЦЕФ

- Тодоровски, Јакимовски, Чачева, Најчевска. (2001). Социјалната ексклузија и несигурноста поради меѓуетничките односи, во: Националeн извештај за развој, УНДП, Скопје (македонски и англиски)
- Edited by Nenad Dimitrijevic, (2000). Managing multiethnic local communities in the countries of the Former Yugoslavija, , LGI/OSI,

**Други активности**

Во рамките на својот ангажман како професор по предметот полиција и човекови права на Полициската академија во Скопје, кандидатката изработи учебен материјал (прирачник) за студентите.

Во текот на 2004-2005 година кандидатката беше ангажирана на припремите на два текста на закони:

1. Закон за недискриминација (проект поддржан од шведската Влада)
2. Закон за партнерски заедници (проект спроведен од страна на невладината организација МАССО)

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на наставно-научната насоченост и вкупната активност и постигнувањата на кандидатката д-р Мирјана Најчевска во доменот на научната дејност, како и нивото на нејзината професионалност во извршувањето на обврските што произлегуваат од научната дејност, Рецезентската комисија му предлага на Советот на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, д-р Мирјана Најчевска да биде избрана во научното звање НАУЧЕН СОВЕТНИК

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Д-р Панде Лазаревски, с.р.

Д-р Виолета Чачева, с.р.

Д-р Лидија Христова, с.р.